МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

„Гаврило Романович Державин“

Свети Николе – Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ – ЗНАЧЕЊЕ, ОПРАВДАНОСТ И НЕГОВАТА ИДНИНА

Ментор:
вонр. проф. д-р Васко Стамевски

Изработил: **Антонио Стоилов**
бр. на индекс: М177014

Свети Николе, 2020

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

„Гаврило Романович Державин“

Свети Николе – Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ – ЗНАЧЕЊЕ, ОПРАВДАНОСТ И НЕГОВАТА ИДНИНА

Предмет: Правда и внатрешни работи на ЕУ

Насока: Казнено право

Ментор: вонр. проф. д-р Васко Стамевски

Студент: Антонио Стоилов

Број на индекс: М177014

Свети Николе, 2020

Список на кратенки:

ЕЈО – Европски јавен обвинител; Европско јавно обвинителство;

ЕУ – Европска унија

ЕЗ – Европска заедница

ЕП – Европски парламент

ЕК – Европска комисија

ЕС – Европски совет

ЕЕЗ – Европска економска заедница

ЕЦСЦ – Европска заедница за јаглен и челик

ЕПС – Европска политичка соработка

ЦФСП – Заедничка надворешна и безбедносна политика

СТО – Светска трговска организација

ОЛАФ – Европска канцеларија за антикорупција

ТФЕУ – Договор за функционирање на Европската унија

ЕЦФР/ЕСП – Европски суд на човекови права

ЕДП – Европски делегирани јавни обвинители

СПВР – Совет за правда и внатрешни работи

ЕНЦС – Европски национален координативен центар

ДССА – Договор за специјална стабилизација и асоцијација

ИЗЈАВА

Јас, Антонио Стоилов, студент/ка на Втор циклус на студии организирани на Факултетот за правни науки во МСУ „Г. Р. Державин“, Свети Николе – Битола, на студиската програма по Кривично право со постојано место на живеење на ул. „Кеј на Револуцијата“, број 1 2/16 во Кочани, со ЕМБГ 0111994493015 и број на индекс М177014, изјавувам под морална и кривична одговорност дека поднесениот магистерски труд под наслов „Европскиот јавен обвинител – значење, оправданост и неговата иднина“ претставува мој самостоен труд и истиот претставува резултат на самостојна научна работа спроведена во текот на истражувањето.

Согласен/а сум да ги сносам сите последици и одговорности кои произлегуваат од неовластеното користење на туѓ текст или плагијатство согласно важечките законски и подзаконски акти кои ги регулираат авторските и сродни права.

Место и датум: **Давател на изјава:**

_____,_____20___ година Антонио Стоилов

АПСТРАКТ

Европското јавно обвинителство е институција на Европската унија која се занимава со заштитата на финансиите на Унијата. Се формира со цел да се справи со најразличните измами кои го оштетуваат буџетот на Унијата поврзани со даноците, злоупотребата на фондовите и прекуграничните измами со ВАТ даноците од големи размери. Овој труд објаснува кое е значењето на Европскиот јавен обвинител со неговите надлежности, се даваат правните основи за неговото формирање и кои акти упатуваат кон формирањето и работењето на оваа институција практично кои акти ја уредуваат работата и надлежностите на Европскиот јавен обвинител и од каде извира неговиот легитимитет. Исто така се анализира неговата хиерархија и организациона поставеност како битен елемент при извршувањето на надлежностите. Задачата на овој труд исто така е да ја објасни оправданоста за формирањето и потребата од оваа институција, со тоа што ќе се анализираат различни модели на работа на Европскиот јавен обвинител, дали тој подобро би работел во склоп со друга институција на Унијата или пак самостојно, дали со широки овластувања или пак фокусот ќе биде само на одредени овластувања; Дали треба да функционира со силна децентрализација или пак неговото работење треба да се базира на централизирано ниво. Европското јавно обвинителство без разлика на моделот на работење има перспективна иднина, во многу наврати се докажува фактот од потребата од ваква институција. Статистиките јасно покажуваат за нужноста за креирање на ваква институција, најразличните измами со финансиите го остават буџетот со помалку средства од очекуваното, поради недоволната контрола и слаб интерес на државите да се спротивстават на овој тип криминал.

Клучни зборови: Европско јавно обвинителство, Европска унија,

ABSTRACT

The European Public Prosecutor's Office is an institution of the European Union that deals with the protection of the Union's finances. It is set up to deal with the various frauds that damage the Union's budget related to taxes, the misuse of funds and cross-border fraud with large-scale VAT taxes. This paper explains the importance of the European Public Prosecutor with his competencies, provides the legal basis for its establishment and which acts refer to the establishment and operation of this institution, practically which acts regulate the work and competencies of the European Public Prosecutor and where his legitimacy comes from. It also analyzes its hierarchy and organizational set-up as an important element in the performance of competencies. The task of this paper is also to explain the justification for the establishment and need of this institution, by analyzing different models of work of the European Public Prosecutor, whether he would work better with another institution of the Union or independently, whether with broad powers or the focus will be only on certain powers, Should it function with strong decentralization or should its operation be based on a centralized level. The European Public Prosecutor's Office, regardless of the model of operation, has a promising future, and in many cases the fact of the need for such an institution is proven. Statistics clearly show the need to create such an institution, various financial frauds leave the budget with less funds than expected, due to insufficient control and weak interest of states to oppose this type of crime.

Key words: Public Prosecutor, European Union.

СОДРЖИНА:

Список на кратенки

Изјава за оригиналност

Апстракт

Abstract

Содржина

Вовед 1

Клучни зборови 2

ГЛАВА I 3

1. Општ осврт кон Европската унија 3
   1.1. Поим за Европската унија 3
   1.2. Поим и карактеристики на правото на ЕУ.....4
   1.3. Цели и вредности на ЕУ.....7
2. Правосудство, основни права и внатрешни работи 9
3. Столбовите на Унијата и нејзината Унификација со Договорот од Лисабон 10

ГЛАВА II 13

1. Европски јавен обвинител.....13
   1.1. Поим и мисија 14
   1.2. Структура и карактеристики 18
   1.3. Правни основи.....
   1.4. Главни задачи на Европскиот јавен обвинител 22
   1.5. Заштита на граѓаните и заштита на личните податоци.....25

ГЛАВА III 27

1. Кон потребата за формирање на ЕЈО.....27
2. Статус на независност на ЕЈО.....33
3. Акти кои се однесуваат на ЕЈО 38
4. ЕЈО и неговата координација со Националното јавно обвинителство 39
5. Како ЕЈО ќе работи во пракса „Различни модели“.....41

5.1. ЕЈО како дел од ЕВРОПРАВДА.....41
5.1.1. ЕВРОПРАВДА да се формира како ЕЈО.....41
5.1.2. ЕЈО во структурата на ЕВРОПРАВДА.....42
5.1.3. Спојување на ЕЈО и ЕВРОПРАВДА.....42
5.2. ЕЈО како посебен ентитет.....42
5.2.1. Колегијално Европско јавно обвинителство.....43
5.2.2. Централизирано Европско јавно обвинителство.....43
5.2.3. Децентрализирано Европско Јавно Обвинителство..... 44

ГЛАВА IV.....48

1. Соработка со останатите институции 48
1.1. Евроџаст.....
1.2. Европол.....53
1.3. ОЛАФ.....55

ГЛАВА V.....59

1. Зошто формирањето на Европскиот јавен обвинител е од клучно значење (Оправданост).....59
2. Перспективите на Западен Балкан во поглед на Европскиот јавен обвинител...60
3. Иднината на ЕЈО и заклучоците.....64

Заклучок.....70

Користена литература 71

ВОВЕД

Проучувањето на правдата и на внатрешните работи на ЕУ нужно претпоставува запознавање со нејзиниот правен систем што го сочинуваат изворите на правото и механизмите на примената на правото на ЕУ, како и хармонизацијата на националните законодавства. Гледано од историска и временска перспектива, очигледно е дека развојот на Европската заедница и нејзиниот интегративен процес нераскинливо е поврзан со правниот систем, изворите и видовите на правото. Оттука, серијата основачки Договори претставуваат креатори на системот со кој се дефинира суштината на правото во целина.

Институцијата којашто ќе биде дел од изработката на овој труд е нова и затоа постои посебен интерес за истражување на новитетите коишто ги содржи оваа навистина битна институција на Европската унија. Интересот се јавува од фактот што Унијата навистина има потешкотии да воспостави контрола кога станува збор за измамите коишто го оштетуваат буџетот на Унијата од причина што Унијата досега немала таква институција која ќе се занимава со евентуалните измами и злоупотреби.

Затоа што станува збор за институција на ниво на Европската унија, овој труд ќе даде краток опис што значи Европската унија, како потекнува и нејзините договори за формирање на истата и договорите коишто го утврдуваат судскиот систем и системот на внатрешните работи, понатаму кривичното право и слично. Понатаму влегуваме во општиот пристап што означува Европското јавно обвинителство како дел на овој труд со неговите надлежности, мандат и хиерархија каде што потоа влегуваме во методолошкиот пристап на трудот, соработката со останатите институции и каква иднина ќе има оваа институција.

Првата глава се однесува на поимањето на Европската унија и нејзините карактеристики, што означува таа, кои се нејзините столбови и како се уредува управувањето со Унијата, кои се основните постулати на кои се заснова работењето како човековите права, владеењето на правото, еднаквоста, економска кохезија и стабилност и така натаму. Исто така ќе се даде опис на договорите кои ја уредуваат политиката на внатрешните работи и судството како извор каде потекнува формирањето на ЕЈО.

Во втората глава влегуваме во почетните објаснувања за Европскиот јавен обвинител, што означува и која улога ќе ја има со формирањето и карактеристиките.

Понатаму е објаснето организирањето на институцијата, неговата хиерархија и надлежности.

Во глава три спаѓа методологијата на овој труд, односно овде се објаснува целта на формирањето на институцијата, различните модели на функционирање, статус и акти за да дадеме одговор на тезата на трудот која е поставена и која има за задача да се објасни во трудот, а тоа е кое е значењето, оправданоста и неговата иднина на истата, и при утврдување на ова се земени предвид трудови на докажани домашни и странски автори од кривичната област кои се занимаваат исто така со Европското јавно обвинителство. Како дополнителна литература ќе се користат домашни и странски научни списанија и различни податочни информации достапни на базите на податоци на официјалните страници на европските институции и останати податоци. Како утврдена методологија на истражување на трудот се користи анализата на податоците.

Во глава четири се објаснува соработката на ЕЈО со останатите институции како битен фактор за оптималното работење на институцијата а тоа се ОЛАФ, Европол и Европравда. И во последната глава е опишана оправданоста на институцијата, зошто формирањето на оваа институција е од клучно значење за Унијата.

Европскиот јавен обвинител, скратено ЕЈО, е независен и децентрализиран обвинителски орган на Европската унија со овластување да истражува, процесуира и да дојде до правдата од сторени деликти како што се измамата и корупцијата против буџетот на Европската унија. Неговата уникатна моќ да извршува кривични процеси на ниво на Европската унија значи дека нашите пари коишто ги финансираме во Унијата, односно се инвестираат во буџетот на ЕУ, ќе бидат подобро заштитени.

Клучни зборови: ЕЈО, ЕУ.

Глава 1

1. ОПШТ ОСВРТ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската интеграција е олицетворение на идејата за заедништво и заемно почитување на народите на Стариот Континент. Модерна Европа е создадена врз основа на највисоките демократски стандарди и постојаното движење во кое се остваруваат најразлични облици на политичка соработка во специфични институционални рамки. Европа е единствена и посебна по многу нешта и заслужува особено внимание и интерес во нејзиното проучување.

1.1. ПОИМ ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европа е старогрчко име за европскиот континент. Како политички термин најпрво се употребувал да означи дел од Старата Грција, а подоцна од Римјаните терминот се проширил со цел да ја опфати и Римската Империја, односно нејзиниот европски дел. Европските интеграционисти обично свој термин го употребуваат како замена за Европската унија и покрај фактот дека во Европската унија како организациона и институционална форма постојат европски држави кои не се членки на Унијата. Синтагмата Европа од Атлантикот до Урал се однесува на географска Европа, но неретко се расправа за тоа дали и Турција е дел од Европа.

Европската интеграција подразбира градење на единство меѓу европските народи. Во рамките на современата европска терминологија овој термин означува здружување на националните ресурси на државите членки и заедничко донесување одлуки засновани на висок степен на разбирање и заемно почитување. Процесот на одлучување се остварува низ различни процедури, со изразен интерактивен однос помеѓу институциите на Европската унија, пред сè нејзините највисоки управни органи и тела, парламентот, Советот на министри и комисијата. Денес, институционалната поставеност и функционалност на органите и телата во Европската унија, пред сè претставува висок израз на дефиниран стратешки концепт за остварување на постојана и цврста европска интеграција.

Повеќенационалната европска интеграција се остварува во дефинирани институционални облици:

- Европски заедници;
- Европска заедница за јаглен и челик;
- Европската заедница за атомска енергија и
- Европска унија[1].

1.2. ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРАВОТО НА ЕУ

Проучувањето на правдата и на внатрешните работи на ЕУ нужно претпоставува запознавање со нејзиниот правен систем што го сочинуваат изворите на правото и механизмите на примената на правото на ЕУ, како и хармонизацијата на националните законодавства. Ова затоа што по својата дефиниција поимите правда и внатрешни работи подразбираат примена на правото од страна на судовите и другите органи**.** Изучувањето на правниот поредок на ЕУ е важно и поради тоа што таа, како нова и оригинерна заедница на државите и на граѓаните, е заснована врз правото и што претставува прв историски обид за супституирање на државното насилство со постулатите на правната држава и почитувањето на човековите права, како и на основните цивилизациски вредности на демократијата и на слободата на поединецот. Не само што е настаната со помош на правото, туку ЕУ ги реализира своите цели со помош на правото, а не со закана на политичка, на економска или на воена присилба, „со целосно почитување на суверености на државите членки и нивниот диверзитет“.[2]

Гледано од историска и временска перспектива, очигледно е дека развојот на Европската заедница и нејзиниот интегративен процес нераскинливо е поврзан со правниот систем, изворите и видовите на правото. Оттука, серијата основачки Договори претставуваат креатори на системот со кој се дефинира суштината на правото во целина. Во основа, валидноста на правниот систем зависи од Договорите, а валидноста на Договорите зависи од меѓународното право. Правото на Заедницата е потсистем на меѓународното право. Сепак, ако група на земји членки склучат Договори за уредување на односите во одредена област, меѓународното право во својата правна

[1] Сотировски Љупчо (2011) „Вовед во правото на Европската унија“ Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип; Штип стр. 7, 10

[2] Камбовски Владо (2005) „Правда и внатрешни работи на Европската унија“ Правен факултет „Јустиниан Први“- Скопје; Скопје; стр. 79

рамка им дозволува да создадат нов правен систем којшто е самодоволен и издвоен од меѓународното право. Во праксата, вообичаените правила на меѓународното право не мораат секогаш да се применуваат во рамките на тој систем, па оттука следува дека Договорите на Заедницата и не мора секогаш да се толкуваат на начин на кој се толкуваат вообичаените меѓународни договори.

И покрај фактот дека Договорите на Заедницата според меѓународното право претставуваат договори, сепак тие имаат специфичен карактер. Оттука следува дека тоа се договори со кои се создава нова меѓународна организација од супранационален вид. По својата правна природа Договорите создаваат нов правен систем. Поради оваа причина договорите може да се сметаат за некој вид Устав, иако овој термин не треба да го доведе до прашање нивниот статус на меѓународни договори. При анализата на правото на заедницата според неговите извори, најзначајно е да се направи разграничување помеѓу формално создадено право и правото што не е формално создадено во некоја формална процедура. *Формално создаденото право* е креирано од некој орган на власта, а формално несоздаденото право е она право коешто не е создадено на овој начин. Формално создаденото право на заедницата може да биде утврдено од институција на Заедницата или од земјите членки. Помеѓу актите на институциите на заедницата и актите на земјите членки постои разграничување. Во овој контекст, значајно е да се потенцира дека Советот како најзначајна институција на Заедницата е составен од претставници на земјите членки, па така неговите акти се акти на Заедницата, а не акти на земјите членки. *Неформално создаденото право на Заедницата* се состои од таканаречените „Општи правни принципи – Common Law“ на заедницата, утврдени од страна на Европскиот суд. Овие принципи претставуваат значаен правен извор на Заедницата и играат значајна улога во нејзиниот правен систем. Меѓународните договори коишто се склучени со земји што не се членки на заедницата претставуваат уште еден дополнителен извор на правото на заедницата. По правило, меѓународните договори може да бидат склучени само од име на Заедницата, од заедницата во содејство со земјите членки, а во одредени случаи само од земјите членки. Овие договори се акти на земјите членки, или акти на Заедницата, па поради нивната специфична природа, препорачливо е да се разгледаат одделно. Друга поделба на правото на ЕУ е според изворите на правото. *Примарното право* го сочинуваат Договорите за основање на Европската економска заедница, Европската заедница за јаглен и челик, Европската заедница за атомска енергија, вклучувајќи ги и подоцнежните договори што ги дополнуваат (Единствениот европски акт, Договорот

од Мастрихт (Договор за ЕУ), Договорот од Амстердам, Договорот од Ница, Договорот од Лисабон и Уставот на Европската унија). *Секундароното право* се состои од меѓународни и автономни акти на институциите и телата на заедниците, дополнети со општите принципи признаени во правниот поредок на Европската заедница. Во корпусот на ова право влегуваат сите прописи што се носат врз основа на примарното право или пак материјали што се однесуваат на судски одлуки. Дискусијата околу изворите на правото на Заедниците се темели на оваа разлика, почнувајќи од рангот на различните типови на одредби. [3]

Односот помеѓу еднаквите одредби се уредува на настрана од тоа што се однесува до односот помеѓу еднаквите одредби на правото на Заедниците, важи принципот според којшто поновата одредба (Lex posterior) има предност врз постарата, а посебната одредба (Lex specialis) врз поопштата одредба.

Во секоја земја членка, правото на заедниците се применува заедно со применливите правила на националното право. Практично, врз таа базична аксиома, примената на правото на заедниците се потпира врз националното законодавство и толкувањето и примената на правото на Заедницата во националната судска практика. Какви такви, овие национални извори на правото, не претставуваат извори на правото на Заедниците, иако влијаат врз признавањето на општите национални принципи на правото на ЕЗ.

Во некои случаи, Судот на правдата и судот од прва инстанца мора да го применат националното право. Тоа се случува, на пример, во спорови изнесени пред судот на Заедниците врз основа на арбитражна клаузула (член 238 на Договорот за ЕЗ, во врска со договор уреден со правото на некоја земја членка. Во отсуство на изречно обраќање кон национално право, примената на правото на Заедниците би можело да побара неопходно повикување на правта на земјите членки, само во случај кога судовите на Заедниците, во правото на заедниците или во општите правни принципи со независно толкување не можеле да се изнајдат критериуми за утврдување на конкретната одредба.[4]

[3] Забелешка: Практиката на Судот на правдата и Судот од прва инстанца е посебен извор на правото на Заедницата и има важна улога во структурата на правниот поредок на ЕЗ, независно од тоа што задачите на двата суда се формално ограничени во толкувањето и примената на другите правни извори.

[4] Сотировски Љупчо (2011) „Вовед во правото на Европската унија“ Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип; Штип стр. 72, 73

1.3. ЦЕЛИ И ВРЕДНОСТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Причините за формирањето на Европската унија се многу, досега видливи се придобивките кои ги уживаат членките на Унијата, почнувајќи од заедничкиот трговски пазар, неограничената слобода на движење на нејзините граѓани во границите на Унијата, креирањето на заедничките политики во формираните европски институции како што се Европскиот парламент, Советот и останати битни институции кои играат битна улога во одлучувачките процеси. Во оваа глава ќе се даде објаснување на најбитните цели и вредности на кои се заснова заедницата, мотивот за кој е формирана и за кој работи.

Како едни од основните цели на Унијата се следните:

- Промовирање на мир, свои вредности и добробит на нејзините граѓани, во таа смисла се дава одговор на оваа цел, а тоа е дека Унијата се формира за да се прекинат конфликтите коишто се застапени на европскиот континент.
- Осигурување на слободата, сигурноста и правдата без внатрешни граници, основните човекови слободи и права се основниот постулат на кој се потпира Европската унија.
- Одржлив развој кој се темели на урамнотежен општествен раст и стабилност на цената, високо конкурентно трговско општество со висока стапка на вработеност и напредок.
- Борба против социјалната исклученост и дискриминација.
- Промовирање на науката и технолошкиот напредок.
- Подобрување на економската, социјалната и територијалната кохезија и солидарност помеѓу државите членки на Унијата.
- Негување на богатата културна и јазична разноликост.
- Воспоставување на економска и монетарна унија со валута ЕВРО.

Државите членки ги делат вредностите во кои владее инклузивноста, толеранцијата, правдата, солидарноста и недискриминацијата. Овие вредности се составен дел од европскиот начин на живеење:

- Човековото достоинство е неповредливо. Тоа е во основата на темелните права кое мора да се почитува и заштити.

- Слобода, слободното движење им овозможува на граѓаните право на слободно движење и престој во Унијата. Индивидуалните слободи како што се почитување на приватниот живот и слободата на мислата, религијата, збирањето, изразувањето и информирањето се заштитени со Повелбата на Европската унија за основните права.
- Демократија, функционирањето на Европската унија се темели на претставничката демократија. Да се биде европски граѓанин се подразбира и уживање на политички права. Секој полнолетен граѓанин на Европската унија има право да се кандидира и да гласа на изборите за Европскиот парламент.
- Еднаквост, еднаквоста се однесува на еднакви права на сите граѓани пред законот.
- Владеење на правото, Европската унија се темели на владеењето на правото. Сè што прави Унијата се темели на договорите кои се доброволно и демократски донесени од страна на сите земји членки. Правото и правдата се темелат на независното правосудство. Државите членки ја имаат дадено надлежноста на Судот на Европската унија, чии пресуди треба да ги почитуваат сите.
- Човекови права, се заштитени со Повелбата на ЕУ за основните права. Ова вклучува право на слобода од дискриминација на база на пол, раса или етничка припадност, вера, инвалидитет, сексуална ориентација, право на заштита на личните податоци и право на пристап до правото.

Тоа се целите и вредностите, а воедно и темелите на Европската унија кои се содржани во Договорот од Лисабон и Повелбата на Европската унија за основните права.

За промовирање на мирот, демократијата и човековите права во Европа, на Европската унија во 2012 година ѝ е доделена Нобелова награда за мир.[5]

2. ЕУ И НЕЈЗИНОТО ПРАВОСУДСТВО, ОСНОВНИ ПРАВА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Граѓаните на Европската унија уживаат многу слободи и заштита, вклучувајќи лични, граѓански, политички, економски и социјални права, заштита на личните

[5] https://europa.eu/european-union/about-eu/eu-in-brief_en (пристапено на 25.11.2019)

податоци, антидискриминаторски закони и безгранично патување низ повеќето земји членки.

Сите граѓани на Европската унија ги уживаат истите фундаментални права базирани на вредностите на еднаквост, недискриминација, инклузија, човечки дигнитет, слобода и демократија. Овие вредности се зацврстени и заштитени со владеењето на правото, напишани во Европските спогодби и Повелбата за основните права. Граѓаните на ЕУ имаат право да живеат, работат, студираат и да склучуваат брак во други ЕУ.

Граѓаните имаат правна заштита во секоја земја членка, и прекршителите можат да бидат гонети преку границите и вратени, благодарение на Европската потерница за апсење. Правосудните власти соработуваат преку Европската правосудна кооперативна единица (ЕВРОЏАСТ) да воспостави правен систем каде што одлуките донесени во една земја да бидат признаени и имплементирани во било која друга земја членка на Европската унија.

Судот на Правдата на Европската унија се грижи правото на ЕУ да биде применето на истиот начин во сите ЕУ земји членки, и решава правни спорови помеѓу националните влади и европски институции. Во одредени услови, може исто така да се однесува за граѓаните, компаниите или организации да преземат дејствија против европска институција која можеби ги повредила нејзините права.

Европската унија работи за да ја подобри внатрешната безбедност преку соработка на полициските служби, граничната полиција и службите за граѓанска заштита и центри со справување со кризи. Ова вклучува преземање акција против организираниот криминал и помагање на националните полициски сили да работат подобро заедно преку Европската полициска канцеларија (ЕВРОПОЛ)

Земјите членки на Унијата исто така работат да ја подобрат кохерентната имиграциска политика. Земјите на ЕУ, исто така, работат на развивање на кохерентна политика за имиграција на ЕУ која ги користи можностите што ги нуди легалната имиграција, истовремено решавајќи ги предизвиците на нередовната имиграција. Во тек е работа за подобрување на безбедноста преку подобри контроли на надворешните граници, а истовремено би им се олеснило на оние што имаат право да влезат во ЕУ истото и да го направат.[6].

[6] https://europa.eu/european-union/topics/justice-home-affairs_en (пристапено на 25.11.2019)

3. СТОЛБОВИТЕ НА УНИЈАТА И НЕЈЗИНАТА УНИФИКАЦИЈА СО ДОГОВОРОТ ОД ЛИСАБОН

Трите столба на Европската унија стапија на сила од 1993 година. Оваа структура беше воведена со Договорот од Мастрихт на 1 ноември 1993 и беше отфрлен на 1 декември 2009 година со стапување на сила на Договорот од Лисабон кога Европската унија воспостави консолидирана правна основа. Договорот од Мастрихт ја креираше Европската унија како единствено тело од „три столба“. Столбовите што ги содржи Европската заедница, поддржуваат заедничка надворешна и безбедносна политика и соработка во правдата и внатрешните работи. Овие столбови се сметаат за креатори на политиките на Европската унија.

Првиот столб е најстариот и најактивниот ентитет на Унијата. Се состои од Европската заедница (претходно позната како Европска економска заедница (ЕЕЗ)). ЕЕЗ е основана со Договорот од Рим (1957). Исто така, во овој столб се наоѓаат Европската заедница за јаглен и челик (ЕЦСЦ) и Европската заедница за атомска енергија (ЕУРОАТОМ). Одговорностите на Европските заедници се однесуваат на основните економски иницијативи на Европската унија, вклучувајќи тесно поврзана социјална политика, регионална политика и политика на животната средина. Главните области на економската иницијатива се: царинска унија, единствен пазар, заедничка земјоделска политика, економска и монетарна унија и структурна политика.

Вториот столб, кој се однесува на заедничката надворешна и безбедносна политика, се заснова врз традицијата на лабава неформална соработка во надворешна политика, наречена Европска политичка соработка (ЕПС). Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЦФСП) на Европската унија е координирана преку генералниот секретар на Советот на Европската унија. Генералниот секретар ја носи паралелната титула висок претставник за ЦФСП, функција којашто е најблизу до онаа на министерот за надворешни работи на ЕУ. Покрај тоа, од 2002 година постојат две специјализирани агенции кои се занимаваат со технички, научни и раководни задачи поврзани со ЦФСП.

Третиот столб, кој се однесува на правдата и внатрешните работи, во голема мерка беше нова област на иницијатива на ЕУ во времето на Договорот од Мастрихт.

Соработката во правдата и внатрешните работи се однесува на потребата од интеракција помеѓу полицијата, царината, имиграциските служби и министерствата за правда на земјите членки. Оваа иницијатива произлезе од Шенгенските договори од 1985 и 1990 година за да ја координира граничната политика, како резултат на поотворено движење на луѓето меѓу земјите членки на ЕУ.[7]

Во говорот пред конференцијата во Ница, Јошка Фишер, тогашен министер за надворешни работи на Германија, повика на поедноставување на Европската унија. Една од овие основни идеи беше да се укине структурата на столбот и да се замени со споен правен персоналитет за Унијата. Оваа идеја беше вклучена во Договорот од Лисабон кој стапи во сила на 1 декември 2009 година. Со стекнување на статус на правно лице, Унијата, на пример, може да биде дел од меѓународните договори. Договорот од Лисабон исто така наведува дека „Унијата ќе ја замени и ќе ја наследи Европската заедница“, со цел, откако ќе стапи во сила Договорот, ЕУ ќе го стекне правото на членство во Светската трговска организација (СТО), која ѝ припаѓаше на Европските столбови на заедниците.

Најпрвин, Лисабонскиот договор ја отстранува столбовата структура на Европската легислатива. Па така областите коишто претходно беа уредени со третиот столб, како што се правната помош во кривичните предмети и полициската соработка, ќе бидат сметани како ист вид правила како оние на единствениот пазар. Истовремено многу области од Правда и внатрешни работи, се пресметуваат од консултативната процедура со едногласност во Советот и консултирање со Европскиот парламент, во обична легислативна процедура со квалификувано мнозинство во Советот со целосна колегислатива на Европскиот парламент (поранешна процедура на заедничко одлучување). Тоа значи дека во однос на правната рамка и правните процедури – одлуките во повеќе области ќе бидат донесувани со принципот на квалификувано мнозинство.

Врз основа на ова според едногласноста во Советот е и креирањето на Европскиот јавен обвинител, односно Советот треба да донесе едногласна одлука по добивањето на одобрението, односно согласноста од Европскиот парламент според членот 86.[8]

[7] https://pages.uoregon.edu/euro410/eutoday/organizations.php?menu# (пристапено на 25.11.2019)
[8] Кошевалиска Олга (2011), „Предности и слабости во конституирањето на Европскиот јавен обвинител“ Научно списание „Правник“ бр. 233, стр. 3

Во однос на прашањето кој би имал право да поднесе иницијативи од областа на Правдата и внатрепните работи, во законодавството на ЕУ генерално правило е дека Европската комисија има право да се јави како предлагач на нови легислативни акти. Со договорот од Лисабон, се воведува новитетот којшто овозможува иницијативата да биде поднесена и од страна на една четвртина на членките на Европската унија, доколку предлогот е од областа на правна помош во кривична материја, полициска соработка и административна соработка. Овие реформи одат во насока на поголема отвореност и поголеми овластувања за Европравда.[9] Прв чекор би бил создавање на ЕЈО. Негова крајна цел е да се отстранат националните пречки за ефективно спроведување на законите. Во документот на Еврокомисијата, со кој беа обелоденети новите предлози стои: „Спроведувањето на правдата не смее да биде попречено од разликите во правните системи на земјите членки кои не можат да се оправдаат“.

ГЛАВА 2

1. ЕВРОПСКИ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Европскиот јавен обвинител скратено ЕЈО е независен и децентрализиран обвинителски орган на Европската унија со овластување да истражува, процесуира и да дојде до правдата од сторени деликти како што се измамата и корупцијата против буџетот на Европската унија. Неговата уникатна моќ да извршува кривичнни процеси на ниво на Европската унија значи дека нашите пари коишто ги финансираме во Унијата, односно се инвестираат во буџетот на ЕУ, ќе бидат подобро заштитени.

Средствата коишто се наменети за подобрување на стандардот на граѓаните на Унијата, секогаш биле мета на криминалци и измамници. Секоја година, транс граничните измами со ВАТ даноците чинат штети од околу 50 билиони евра на буџетите на членките на Европската унија и на Европската унија исто така. Во 2017 година земјите членки имале пријавено коруптивни нерегуларности во висина околу 500 милиони евра.[10] Овие прекршоци недоволно се истражуваат и понатаму гонат на

[9] Европравда (EUROJUST): Претставува постоечко тело засновано на необразувачка судска соработка на ниво на ЕУ.

[10] Податочен извор: http://www.ejtn.eu/Documents/About%20EJTN/Criminal%20Justice%202019/CR201909_Thessloniki/DG%20JUSTICE_EPPO_Brochure.pdf преземено на 20.12.2019 година, (Брошура за заштита на даночните обврзници од измама и корупција, Канцеларијата на ЕЈО)

национално ниво, ова се должи на недоволни правни и извршни инструменти коишто им стојат на располагање поединечно на членките или пак недоволното приоритизирање и заштита на ваквиот тип криминалитет. Исто така треба да се напомене дека прекуграничните предмети се исто така многу тешки за истражување и изостануваат поради слабата правна соработка помеѓу државите. Многу сериозни предмети од групата на измами и корупција остануваат непроверени или пак процесуирани, па со тоа создаваат чувство на неказнивост.

Координиран и набљудуван од централно ниво, ЕЈО истрагите ќе ги спроведува на територијата на Европската унија и предметите ќе бидат изведени пред националните судови. Формиран според Регулативата 2017/1939 на Европската унија од 12 октомври 2017 година, ЕЈО ќе биде првата супранационална јавно-обвинителска институција со надлежност да врши истраги и гонење на ваков тип криминал. ЕЈО се очекува да започне со работа кон крајот на 2020-та година.

Поглавјето 86 од Договорот од Лисабон го отвора формирањето на ЕЈО, нов орган на Унијата која ја промени играта во заштитата на овој тип криминалитет помеѓу земјите членки на Унијата. Користејќи ги системите за размена на информации во сегашно време, ЕЈО ќе го зајакне европскиот финансиски интерес, ќе ги пополнува празнините во правната соработка коишто не се заштитени со постоечките Европски тела (ЕВРОЏАСТ) или од страна на ОЛАФ и ќе обезбеди ефективно и еквивалентно истражување и гонење, вклучувајќи ги сите земји членки на Унијата.

1.1. ПОИМ И МИСИЈА

Во април 2017 година, 16 земји членки се согласија да работат многу потесно за да можат да се справат подобро со измамите на ниво на ЕУ. Тие се согласија да го основаат Европскиот јавен обвинител, користејќи ја процедурата за подобрена соработка. Подоцна, повеќе земји членки на Унијата донесоа одлука да се придружат во напорите да го заштитат буџетот на ЕУ од измами и корупција, а сега сочинуваат 22 земји членки учеснички во процесите. Кога ќе започне со работа, ЕЈО ќе ја има моќта да истражува и гони криминал којшто го засега Европскиот буџет како што е:

- измама;
- корупција;
- перење пари;

- прекугранична измама со ДДВ на ЕУ.

Мисијата на ЕЈО е да ја спречи корупцијата со европските финансии и ќе ја има моќта да истражува и да ги гони сите прекршоци коишто се сметаат дека ги повредуваат финансиските интереси на Унијата. ЕЈО ќе презема прекугранични дејствија кога ќе утврди дека постои измама во вредност од над 10.000 евра, или пак прекугранични даночни измами што вклучува штета на сметка на буџетот од 10 милиони евра.[11] ЕЈО ќе работи рамо до рамо со националните судски власти. Исто така потесно ќе работи со останатите органи како што се ЕВРОЏАСТ и ЕВРОПОЛ.

ЕЈО може да ги гони и да ги изведе осомничените сторители на вакви деликти пред суд, во 22 земји членки на ЕУ. Земјите членки што не учествуваат, може да одлучат да пристапат во ЕЈО во која било фаза. Независноста на ЕЈО е главниот постулат на овој проект. Од моментот кога се назначени, главниот ЕЈО и сите останати обвинители се заштитени од било какви несоодветни влијанија на европско или национално ниво (како на пример, политичкото вмешување во гонењето). Иако целосно самостоен орган, ЕЈО останува да дава сметка за неговата работа пред Европскиот парламент, Советот и Комисијата за неговите генерални активности без навлегување во приватноста на индивидуалните предмети. При работата на ЕЈО таа се води врз принципите на: правичност, пропорционалност, непристрасност и еднаквост кон осомничените или обвинетите лица и при прибавувањето на докази треба да се имаат предвид сите докази, без разлика дали одат во полза или против обвинетите странки.

Фокусот на мандатот ќе се базира на заштитата на финансискиот интерес на Европската унија, т.н. ПИФ прекршоци, дефинирано според Директивата на Европската унија 2017/1371.[12]

Измами во врска со приходите и расходите, ВАТ измамите каде што се инволвирани две или повеќе земји членки и чинат повеќе од 10 милиони евра, перењето на пари коишто се добиени од ЕУ, пасивната и активната корупција или злоупотреба која ќе влијае врз финансиските интереси на Унијата и вклучување во криминална организација чијшто фокус на активности на организацијата се базирани на криминали поврзани со Европскиот буџет.

[11] Податочен извор: https://www.consilium.europa.eu/en/policies/eppo/ преземено на 20.12.2019 година
[12] Податочен извор: http://www.ejtn.eu/Documents/About%20EJTN/Criminal%20Justice%202019/CR201909_Thessloniki/DG%20JUSTICE_EPPO_Brochure.pdf преземено на 20.12.2019

Овие криминогени активности имаат директен импакт во секојдневието на луѓето, со тоа се додава дополнителна несигурност кај нив, што придонесува штета кон бизнис-заедницата и најпосле ја доведува до прашање кредибилноста на Унијата воопшто.

ЕЈО исто така има и помошна надлежност, можноста да се истражуваат и гонат други нелегални активности коишто се нераскинливо поврзани со ПИФ прекршоците. Ова вклучува прекршоци кои се строго насочени кон обезбедување на материјални или правни средства за сторено кривично дело ПИФ (на пр. фалсификување) или да се обезбеди профит или производ од сторен прекршок за ПИФ, под услов помошниот прекршок да е помалку сериозен, од гледна точка на санкции, отколку за ПИФ прекршок. Ако е посериозно, тој ќе остане, како по правило, во надлежност на националните органи за гонење. ЕЈО, исто така, ќе се воздржи од остварување на својата надлежност кога штетата на буџетот на Унијата не ја надминува штетата предизвикана на друга жртва (на пр. буџетите на земјите-членки). Иако е обврзан да гони широк спектар на прекршоци, ЕЈО ќе ги приоретизира предметите кои паѓаат во негова надлежност, според општите критериуми (ова ќе биде неговата истражувачка полиса). Покрај тоа, може да одлучи и да не преземе или да пренесе на националните власти прекршочни предмети коишто се под 100.,000 евра, поради степенот на сериозноста на делото или комплексноста на постапките, не се јавува потреба да се истражува или гони случајот на ниво на Европската унија.

Кривични дела истражувани од страна на ЕЈО

ЕЈО може да истражува секаков тип измама вклучувајќи ги ЕУ фондовите, како на пример, може да ги истражува измамите со регионалните фондови, заедничките фондови за земјоделска политика и така натаму. Ова ги вклучува и злоупотребите во тендерските постапки. ЕЈО исто така е во можност да истражува и комплексни ВАТ даночни случаи со измама (ВАТ рингишпил).

ВАТ рингишпилот е комплексна даночна измама којашто се јавува на ниво на Унијата, се карактеризира така што: Се основа фирма доставувач којашто е формирана во Земја членка 1, потоа компанија за врска ги доставува стоките коишто се ослободени од ВАТ на друг ентитет којшто се основа во Земја членка 2, т.н. трговец што исчезнува. Овој трговец понатаму ги користи предностите на ВАТ ослободувањата при интерзаедничките снабдувања на добра и ги препродава по многу конкурентна цена, истата стока на домашниот на земјата членка 2. Конкурентната цена

е возможна затоа што без разлика што трговецот си наплатува ВАТ од купувачот, сепак тој не ги декларира тие оданочувања кон даночните власти, со што ги зголемува маргините за профитирање. Понатаму трговецот што исчезнува, прекинува со својата работа и не постои, со што го прави оданочувањето да биде невозможно во земјата каде што стоките или услугите се користени, односно консумирани. Овој ист тип трансакции може да биде повторен во кружен или т.н. „рингишпил“ начин.[13] **ЕЈО се справува** на начин што има мандат, сила и ресурси да ја надокнади извршната празнина кај земјите членки за да се справи со криминалот против буџетот на ЕУ, исто така може да сподели или да спореди информации во однос на меѓуграничните предмети со други тела на Унијата и национални власти и може да добива информации, по обврска од земјите поврзани со меѓу граничните ВАТ измами што би можело да направи штета на буџетот на ЕУ во вредност над 10 милиони евра.

Тендерските постапки често се многу технички и може да бидат разрушени при стекнување пристап до доверливи информации за да создаде поволни услови во полза на еден конкурент. Во вакви случаи може да биде многу тешко за националните власти да детектираат и истражат било какви предупредувања за можни измами. **ЕЈО** ги комбинира техничките експертизи од високоспецијализирани институции и клучни партнери, го има капацитетот да изврши меѓугранично истражување на територија на повеќе земји членки учеснички и користи поедноставени процедури идентични на оние кои се достапни на националните обвинители.

ПИФ Директива

Од 6 јули 2019 година, земјите членки треба да имаат Директива (ЕУ) 2017/1371 за борба против измама на финансиските интереси на Унијата преку кривично право транспонирано во нивните национални закони (ПИФ). Новите правила ќе го зголемат нивото на заштита на буџетот на ЕУ преку усогласување на дефинициите, санкциите и роковите за ограничување на кривични дела кои влијаат врз финансиските интереси на Унијата. Директивата, не само што е суштински инструмент за усогласување на кривичното право на земјите членки во областа на кривични дела против буџетот на

[13] VAT carousel fraud

Унијата, туку исто така ја поставува основата за идното Европско јавно обвинителство, кое ќе ги испита, гони и спроведува прекршоците во пракса.[14]

1.2. СТРУКТУРА И КАРАКТЕРИСТИКИ

Во моментот се формира канцеларијата на Европското јавно обвинителство, со цел да стапи во функција на крајот на 2020 година. Седиштето на Европското јавно обвинителство ќе биде во Луксембург. ЕЈО ќе работи како една канцеларија помеѓу сите земји членки учеснички и ќе ги комбинира европските и националните напори за спроведување на законот во еден унифициран, лесен и ефикасен пристап. Канцеларијата на ЕЈО ќе се состои од две нивоа: централно и национално ниво. Централното ниво ќе се состои од Главен европски обвинител, двајца негови заменици, 22 Европски обвинители (по еден од земјите учеснички на Европската унија), од кои двајца ќе бидат заменици на Главниот европски јавен обвинител и административен директор. Децентрализираното ниво ќе се состои од Европски делегирани обвинители кои ќе бидат лоцирани во земјите учеснички на Европската унија. Централното ниво ќе ги надгледува истрагите и гонењата спроведени на национално ниво. Како правило, Делегираните европски обвинители ќе бидат оние коишто ќе ги спроведат истрагите и гонењето во нивната европска држава. Правата на осомничените и обвинетите лица ќе бидат загарантирани со сеопфатни процедури за заштита врз основа на постојното законодавство на ЕУ и националното ниво. Европското јавно обвинителство ќе се осигури при обавувањето на активностите да ги почитува правата загарантирани со Повелбата за основни права на ЕУ, вклучувајќи го и правото на фер судење и правото на одбрана. Постапките на Европското јавно обвинителство ќе бидат предмет на судски преглед од страна на националните судови. Европскиот суд на правдата – по

[14] https://ec.europa.eu/info/law/cross-border-cases/judicial-cooperation/networks-and-bodies-supporting-judicial-cooperation/european-public-prosecutors-office_en#pif-directive (ПИФ Директива) преземено на 20.12.2019

прелиминарни пресуди – има преостанати овластувања за да обезбеди доследна примена на правото на ЕУ.[15] Структурата на ЕЈО може исто така да се опише и како **двоглава структура**: **Стратегиското ниво** се состои од: **Шеф на Европското јавно обвинителство** должен за менаџирање на ЕЈО и организирање на неговата работа, **Колегиум на обвинители** должни за донесувањето на стратешки одлуки. **Оперативното ниво** ќе вклучува: **Европски делегирани обвинители** задолжени за управување со кривичните истраги и извршувања и **Постојани комори** коишто ќе вршат мониторинг и управуваат со истрагите и ќе донесуваат оперативни одлуки.

Европската комисија ќе постави датум за отпочнување со работа на ЕЈО кога ќе бидат исполнети сите услови за формирање на истата. Ова ќе биде базирано врз основа на предлогот од Шефот на Европското јавно обвинителство. ЕЈО би требало да отпочне со работата кон крајот на 2020 година така што фазата на нагодување на оваа функција се очекува да важи од две до три години. Од усвојувањето на Регулативата за ЕЈО, ЕК регуларно ги брифира министрите за Правда за основањето на институцијата.

Европската комисија веќе има преземено неколку чекори во врска со формирањето на институцијата вклучувајќи:

- назначување на привремен Административен директор;
- избор на Шеф на Европското јавно обвинителство;
- избор на Европски обвинители;
- креирање на буџетот на ЕЈО.

Европската комисија го потврди предлогот за формирање на Канцеларијата на ЕЈО уште од 2013 година. Со цел да биде усвоен, Европскиот совет треба едногласно да се согласи и да ја добие потврдата од Европскиот парламент. После повеќе од три години преговори, Советот не успеа да донесе едногласна согласност на предлогот. Отсуството на едногласност беше регистрирано од Советот во февруари 2017 година и го потврди Европскиот совет следниот месец. Под ваква ситуација, група од најмалку 9 земји членки преземаат активности за подобрена соработка, во согласност со Договорите на Европската унија. Оваа засилена соработка на ЕЈО е покрената во април 2017 година. Два месеци подоцна, земјите членки учеснички се согласуваат на Регулативата на 8 јуни 2017 година. Парламентот ја дава неговата соласност на 5

[15] https://ec.europa.eu/info/law/cross-border-cases/judicial-cooperation/networks-and-bodies-supporting-judicial-cooperation/european-public-prosecutors-office_en#structureandcharacteristicsoftheeppo (Структура и карактеристики на ЕЈО) преземено на 20.12.2019

октомври 2017 година. Понатаму Европскиот совет ја усвојува регулативата за ЕЈО на 12 октомври, којашто влезе на сила на 20 ноември 2017 година.[16]

1.3. ПРАВНИ ОСНОВИ

Во 2013 година, Европската комисија поднесе предлог за основање на Европското јавно обвинителство. Правната основа и правилата за воспоставување на ЕЈО се утврдени во член 86 од Договорот за функционирање на ЕУ (ТФЕУ). Според оваа одредба, предложената регулатива треба да се донесе во согласност со посебна законодавна постапка: Советот треба да ја донесе едногласно, откако ќе добие согласност од Европскиот парламент. Ако не се постигне едногласност во Советот, Договорите предвидуваат дека група од најмалку девет земји членки може да преземат пакет со засилена соработка. Членот 86 исто така предвидува дека Европскиот совет може да донесе одлука со која ги прошируваат надлежностите на ЕЈО за да се преземаат и вклучат сериозни криминали со прекугранична димензија.

Европскиот парламент го следеше одблиску предметот за ЕЈО и усвои два привремени извештаи на предложената регулатива, во 2014 година и во 2015, повика за основање силно и независно Европско јавно обвинителство. Во октомври 2016 година, Европскиот парламент се осврна на исходот од дебатите коишто се водеа во Советот во законодавна резолуција. Го задолжи Советот да обезбеди јасен сет на надлежности и постапки за ЕЈО, базирана на тогаш предложената директива за борбата против измами против буџетот на Унијата и нејзините финансиски интереси коишто се однесуваат на кривичното право (ПИФ Директива). Парламентот истакна дека директивата треба да ги опфати ВАТ даночните измами и дека ЕЈО треба да ја има приоритетната надлежност за прекршоците. Покрај тоа, Парламентот ја повика Европската комисија за да обезбеди прилагодени проценки за буџетските импликации на колегијалната структура обезбедена од Советот на Европската унија и резултатите од „Вежбата за

[16] https://www.consilium.europa.eu/en/policies/eppo/ (ЕС, ЕЈО политика) преземено на 20.12.2019 година.

проценка на реалноста“. Парламентот потсети дека овие информации може да влијаат врз нејзината конечна одлука за предметот на ЕЈО.

Напредокот на преговорите во Советот беа многу бавни. Во февруари 2017, Советот го забележа отсуството на едногласност во поддршката на предлогот. Во април 2017, 16 земји членки ги известија трите институции (ЕС, ЕК, ЕП) во нивната намера да постават засилена соработка, во корелација со поглавјето 86 од ТФЕУ[17]. Понатаму уште 4 земји членки се придружија. На 8 јуни 2017 година, инволвираните земји членки постигнаа договор за регулативата, додека во јули 2017 година, ПИФ Директивата беше усвоена. На 5 октомври 2017 година, Парламентот го одобри текстот којшто беше прифатен од 20-те земји членки, и Советот ја усвои Регулативата за ЕЈО на 12 октомври 2017 година. Регулативата на Советот (ЕУ) 2017/1939 за имплементирање и спроведување на засилената соработка кон воспоставувањето на ЕЈО стапи на сила на 20 ноември 2017 година. Оттогаш уште две земји членки се приклучија кон засилената соработка (Европската комисија го потврди нивното учество во август 2018 година). При крајот на октомври 2019, само 5 земји членки не се приклучија кон ЕЈО, а тоа се: Шведска, Унгарија, Полска и Данска. Според рециталот 9 од Регулативата 2017/1939, тие може да се приклучат во било кое време.

ЕЈО ќе работи како единствена канцеларија со децентрализирана структура организирана на две нивоа. Централната канцеларија ќе биде составена од Европскиот главен обвинител, колеџот (со еден европски обвинител по земја членка учесничка), постојаните комори и административниот директор и ќе биде со седиште во Луксембург. Децентрализираното ниво ќе се состои од Европски делегирани обвинители сместени во земјите членки и со двојна улога, кои ќе дејствуваат во име на ЕЈО и ќе остварат функции како национални обвинители. ЕЈО ќе ги гони извршителите на ПИФ прекршоците и сродни прекршоци коишто се нераскинливо поврзани со нив. Во согласност со барањето од страна на Парламентот, неговата надлежност ќе опфати прекугранична измама во врска со ВАТ (ако само штетата е најмалку 10 милиони евра).

Целта на Европската комисија беше да го стави во функција ЕЈО до крајот на 2020 година. Како и да е, процедурите за селекција на Шефот на ЕЈО започнаа во 2018, со забележани задоцнувања, во поглед на несогласување помеѓу Европскиот парламент и Советот во врска со преферираниот кандидат (Парламентот гласаше за романскиот

[17] Појаснување: ТФЕУ Treaty of the functioning of the European Union (Договор за функционирањето на Европската унија),

кандидат Лаура Кодрута Ковеси (Laura Codruta Kovesi), додека Советот го избра францускиот кандидат Жан-Франсоа Бонерт (Jean- Francois Bohnert). По шест месеци неизвесност, Советот одлучи во септември 2019 година да се вклопи со позициите на Европскиот парламент во поддршката на романскиот кандидат Ковеси. На 14 октомври 2019 година, Советот формално ја усвои одлуката да ја назначи Лаура Кодрута Ковеси за Европски шеф на Европското јавно обвинителство. Следејќи го нејзиното потврдување од страна на Парламентот на 16 октомври 2019 (на конференцијата на Претседатели), госпоѓата Ковеси го започна нејзиниот мандат, кој се одржува за 7 години без обновување.

Во септември 2018 година, Комисијата издаде соопштение за „иницијативата за проширување на надлежностите на ЕЈО за прекугранични терористички дела“ (можност предвидена со член 86(4) од ТФЕУ). Како проширување на надлежностите на ЕЈО ќе подвлече промени на Договорот, иницијативата за можно усвојување на одлуката на Европскиот совет изменувајќи го поглавјето 86, став 1 и 2 од ТФЕУ е анексирано во комуникацијата. За да се усвои ваква одлука, Европскиот совет треба да делува едногласно по добивањето на согласноста од страна на Европскиот парламент и по консултирањето на Комисијата. Исто така треба да биде нотирано дека „едногласноста“ на сите земји членки на ЕУ е задолжителна, не само тие што се учеснички на зајакнатата соработка. Доколку Европскиот совет ја усвои одлуката за измени и дополнувања на Поглавјето 86 од ТФЕУ, Европската комисија ќе упати законодавен предлог за измена на Регулативата (ЕУ) 2017/1939 земајќи го предвид проширениот мандат на ЕЈО и ќе ги обезбеди неопходните прилагодувања. Покрај дополнителните промени поврзани со материјалната надлежност на ЕЈО, продолжувањето на мандатот за дела од терористички злосторства би имало влијание врз неговиот буџет и вработените. Во својата комуникација, Комисијата го повикува Европскиот совет да ја донесе оваа иницијатива, заедно со Европскиот парламент. Европскиот совет, во своите заклучоци од 18 октомври 2018 година, изјави дека „треба да се испита иницијативата на Комисијата за проширување на надлежностите на Европското јавно обвинителство за прекугранични терористички злосторства“.[18]

[18]https://www.europarl.europa.eu/legislative-train/theme-area-of-justice-and-fundamental-rights/file-european-public-prosecutor-s-office преземено на 20.12.2019 година. (Легислативен воз, Област на правда и основни права, Европски јавен обвинител) Барбара Матера, Новинарски портал на Европскиот парламент

1.4. **ГЛАВНИ ЗАДАЧИ НА ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**

За да може ефикасно да истражува и да гони извршители на прекршоци и кривични дела, ЕЈО мора да биде целосно информиран за било какви факти коишто може да претставуваат дело коешто паѓа под негова надлежност и мандат. До крај, националните надлежни власти, исто така и сите институции, тела, канцеларии и агенции на Унијата треба, без било какво одложување, да известуваат на ЕЈО било какво криминално однесување коешто спаѓа под негова надлежност. Овие надлежни субјекти веќе можат да ги искористат известувањата во соодветни места на национално ниво, или ОЛАФ[19] на ниво на Европската унија, сè додека ЕЈО ги добива структурните информации како што се бара во Регулативата на ЕЈО. ЕЈО исто така може да собира информации за да креира предмет од други извори или на проактивен начин, како што се класичните вести, приватни субјекти или свиркачи. Свиркачите треба да бидат заштитени во склоп со неодамна договорената ЕУ Директива за заштита на свиркачите и не треба да бидат застрашувани дека ќе постои одмазда.

Откако предметот ќе биде креиран од страна на Делегираниот национален јавен обвинител или под инструкции од Постојаната комора, по правило би било иницирано од страна на Националниот јавен обвинител од земјата членка од каде што фокусот на криминалитетот потекнува, како на пример, од каде што во почетокот прекршокот се јавил. Во одредени оправдувачки ситуации, Национален обвинител од друга земја членка може да биде назначен да го води предметот, во случаи каде сторителот има живеалиште или државјанство на таа земја членка, или каде што основната финансиска штета настанала. Откако ќе биде назначен, надлежниот Национален обвинител ќе

[19] Појаснување: ОЛАФ Европска антикорупциска канцеларија OLAF - European Anti- Fraud Office

нарача истражувачки мерки по своја проценка или ќе даде инструкции на надлежните национални власти што да прават. Додека ЕЈО ќе ги донесе предметите до надлежните национални судови во склоп со применливото национално право и со Регулативата на ЕЈО, организацијата на внатрешната работа на ЕЈО ќе биде управувана од внатрешните правилници на процедурите, коишто ќе бидат усвоени со Колеџот.

Истражувањата извршени од страна на Националните обвинители ќе бидат надгледувани, во име на Постојаната комора, од Европски јавен обвинител од истата земја членка, како и Националниот јавен обвинител. Овој супервизорски Европски обвинител има проширено знаење на јазикот и правниот систем на односната земја членка и затоа е најсоодветен да може да биде длабоко инволвиран во процедурите и ќе биде во постојан дијалог со Националниот обвинител. Преку супервизорскиот Европски јавен обвинител, Постојаната комора исто така може да дава инструкции на Националниот обвинител којшто управува. Како дополнување на мерките коишто веќе се на располагање во согласност на Националното право, управувачкиот Национален обвинител (во предмети коишто вклучуваат дела коишто се казниви со максимална казна од најмалку 4 години затворска казна) има право да нареди или побара сет на истражувачки мерки, кои се достапни според националното право и/или потребни од страна на Регулативата на ЕЈО. Вторите вклучуваат претреси, нарачки за произведување на докази, замрзнување на приноси од криминал, комуникациски пресретнувања и следење на контролирани испораки. Во прекуграничните предмети, и без проценка на добивање на претходно правно одобрение ако е потребно, истражните мерки може да бидат назначени од управувачкиот Национален обвинител на асистирачкиот Национален обвинител на друга земја членка без да постои потреба да се направи користење на било кои актуелни инструменти на заедничко препознавање или заедничка асистенција. Ова е најбитно за да се овозможи ЕЈО да функционира како единствен истражителски орган на ниво на ЕУ во прекуграничните предмети. Како исклучок од овој специјален режим предавањето на субјектот побарано од Националниот обвинител на друга земја членка ќе биде изведено со класичните процедури на Европската потерница.

Под специфични услови ,,предмет може да биде реалоциран на друг Национален обвинител од истата земја членка. Во исклучителни ситуации и по одобрувањето на надлежноста на постојаната комора, Европскиот јавен обвинител може исто така да управува со истрагата лично во неговата држава од каде потекнува,

имајќи ги предвид моќта, одговорноста и облигациите на Националниот јавен обвинител.

Откако фазата на истражувањето ќе биде завршена, Постојаната комора ќе одлучи, врз база на драфт одлуката предложена од управувачкиот Национален обвинител, дали да гони по предметот пред националните судови или да предвиди препораки во предметот, да откаже или да постави поедноставена постапка за гонење. Предмет може да биде затворен од страна на Постојаната комора пред главната расправа, по предлогот од страна на управувачкиот национален обвинител, кога неговото гонење станува невозможно поради недостаток на докази, акт кој лимитира, ne bis in idem, амнестија или имунитет итн., без претпоставка дека постои можна понатамошна истрага додека не се појават нови факти. Основите за отфрлање се ограничени со оние експлицитно што се предвидени во Регулативата за ЕЈО.

Штом ќе биде донесен на судење пред надлежен национален суд, со предметот ќе се занимава Националниот јавен обвинител, со целосно почитување на Националните закони и право и во согласност со Регулативата на ЕЈО. Во земјите членки коишто имаат систем на поедноставени процедури на место, како што се трансакциите, се врши примена на Националното право.[20]

1.5. ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Во интерес на сите граѓани, Регулативата на ЕЈО вклучува неколку заштити во однос на осомничените лица, сведоци и жртви и со цел на обезбедување на правичност и усогласување со правото на ЕУ, можност на правно разгледување на неговите истраги.

ЕЈО ќе биде предмет на повеќеслојни гаранции. Прво, како и кај другите тела на Европската унија, обврзан е целосно да ја почитува повелбата за основните права на Европската унија, подетално правото на правично судење, право на одбрана и презумција на невиност (поглавје 47 и 48 од ECFR) исто така и ne bis in idem принципот (поглавје 50 од ECFR). Второ, ЕЈО ќе треба да ја почитува заштитата

20 http://www.ejtn.eu/Documents/About%20EJTN/Criminal%20Justice%202019/CR201909_Thessloniki/DG%20JUSTICE_EPPO_Brochure.pdf преземено на 21.12.2019 година. Брошура за „Заштита на плаќачите на данок против измамите и корупцијата“ Како ЕЈО работи? стр 6.7 „Protecting taxpayers against fraud and corruption“ How does the EPPO work?

пропишана од страна на ЕУ Директивите коишто се веќе усвоени во полето на процесните права (имплементирани во националното право) што веќе покрива бројни важни теми. Секој осомничен или обвинета особа исто така ќе ги има бенефитите од било кои можни дополнителни гаранции добиени од националното законодавство на земјата членка каде што истрагата се одржува.

Како и секој друг обвинителен орган, ЕЈО ќе биде предмет на судско набљудување што ќе се случи пред националните судови на земјата членка каде што активностите на ЕЈО се одвиваат. Додатно, Судот на правдата на Европската унија ќе може да даде прелиминарни правила што се однесуваат на прашања од валидноста на процесните дејствија на ЕЈО направени пред било кој национален суд, толкувањето или валидноста на одредбите на Европското право, вклучувајќи ја и Регулативата на ЕЈО и толкувањето на одредбите на Регулативите кои ги засегаат материјалните надлежности на ЕЈО или остварување на таква надлежност во врска со можен конфликт што може да се појави со националните власти.

Посебно внимание е дадено на заштита на личните податоци кои ЕЈО ги процесуира преку нејзиниот Менаџментски систем на предмети или ќе ги трансферира на други оддели. Податоците ќе бидат заштитени во согласност со законодавството на ЕУ што е на сила. Европскиот Супервизор за заштита на податоците[21] ќе биде должен да дава совети на ЕЈО и мониторирање на неговото почитување на правилата за заштита на податоци.[22]

Процесни права на ЕУ заштитени од страна на ЕЈО:

- Право на толкувач и преведувач како што е предвидено во Директивата 2010/64/ЕУ;
- Право на информираност и достапност во увидот на предметите предвидени во Директивата 2012/13/ЕУ;
- Право на адвокат и право на комуницирање со него и можност за информирање на трети лица за настан на апсење, предвидено во Директивата 2013/48/ЕУ;
- Право на бранење со молчење и право на презумпција на невиност како што е предвидено со Директивата (ЕУ) 2016/373;
- Право на правна помош добиено со Директивата (ЕУ) 2016/1919.[23]

[21] The European Data Protection Supervisor (EDPS) Европски Супервизор за заштита на податоците.
[22] Ibid, преземено на 22.02.2019 година. Брошура за „Заштита на плаќачите на данок против измамите и корупцијата“ Заштитување на граѓаните стр. 9 „Protecting taxpayers against fraud and corruption“ Safeguarding citizens
[23] Ibid,

ГЛАВА 3

1. КОН ПОТРЕБАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Во оваа глава ќе се содржи методологијата на овој труд, каде што ќе се направи истражување и ќе се даде одговор на хипотезата за значењето, оправданоста и перспективите, односно на иднината на институцијата Европски јавен обвинител. Како методолошки инструменти за остварување на целта на истражувањето на овој труд ќе се користи методот на анализа на податоци. Мнозинството на информации коишто ќе бидат земени за истражување се од литература, претежно странска, која се занимава со изучувањето, анализирањето и објаснувањето на оваа тема, европски публикации и документи, анализирање на акти на Унијата и други информативни извори при пристапување на интернет, а се однесува на оваа тематика и е од значење на овој труд и неговото истражување и постигнување на неговата цел.

Формирањето предвидува креирање на независен, децентрализиран и интегриран орган на прогон за да ефективно се бори против криминалот којшто го засегаат финансиските интереси на Унијата. Овој нов пристап, кој е базиран кај договорот од Лисабон, ќе конституира големо унапредување во полето на Европското кривично право и ќе ја донесе очекуваната додадена вредност и кохеренција во заштитата на финансиските интереси на Унијата.

Историски гледано, првите активности на идејата за ЕЈО се уште од 1989 година кога Судот на правдата зема став дека земјите членки имаат обврска за заштита на финансиските интереси на Унијата исто како што ги заштитуваат сопствените интереси. Уште при првите зачетоци на идејата за ЕЈО, е утврдено дека овој орган, ако се конституира, ќе ги штити финансиските интереси на Унијата. Меѓутоа официјално, ЕЈО е орган кој детално за прв пат ќе биде уреден со т.н. Corpus Juris.

Што претставува Corpus Iuris? Corpus Iuris е предлог за европски казнени норми, односно еден вид вовед во казненото право на Европската унија. Целта на овој документ е да ја најде најоптималната солуција за ефикасна заштита на Европскиот буџет и финансиските интереси на Унијата поради што тој е наречен ембрион на Европското кривично право. Тој претставува еден вид мини кодекс во којшто има норми и од материјалното и од прецесното казнено право. Во Corpus Iuris се вградени традиционалните принципи на легалитет, контрадикторност, принципот на сразмерност, принципот на судење пред независен и непристрасен суд и принципот на вина. Помеѓу другото, Corpus Iuris предлага и воведување на Европскиот јавен обвинител. Според овој предлог, ЕЈО: хиерархиски би се наоѓал над Националните јавни обвинители кои ќе треба нему да му асистираат и да му одговараат (чл. 18.5) и востановување на посебни судски лица познати како судии за слободите – функција што ќе ја вршат национални судии во земјите членки и чија задача ќе биде да ги штитат и обезбедуваат правата на одбраната, како и да вршат судска контрола врз истражните активности преземени од ЕЈО и ќе ценат дали се исполнети гаранциите од Европската комисија за човекови права (ЕКЧП) во однос на правото на одбрана. Судењето е во надлежност само на професионални судии, а не лаици во правото (како на пример порота, која воедно е една од најпроблематичните точки за Англичаните, поради која и одбиваат овој кодекс да стане реалност, или магистрати).

Според Corpus Iuris, по поднесена пријава, ЕЈО може да одлучи да отвори истрага. Истата може да ја води сам или да ја отстапи на земјата членка доколку е таа повеќе засегната од последиците на делото. Во фазата на истрагата ЕЈО има овластување да врши надзор врз преземените истражни дејствија, да ја координира истрагата, да го испитува обвинетиот, да прибира докази, да бара да се нареди вештачење, одземање на предмети, претреси, сослушување на сведоците, барање да се определи притвор или судски надзор.

По завршувањето на истрагата, одлучува дали предметот ќе го изнесе пред суд за натамошна постапка или ќе се откаже од натамошно гонење. За донесената одлука должен е да ја извести Европската комисија, обвинетиот и секое тело, односно лице од кое стасала пријавата за делото. Штом случајот го изнесе пред суд, го застапува обвинението пред националниот суд. Кон обвинението може да пристапи и национален обвинител ако се повредени и финансиските интереси на државата. Казненото гонење може да се запре во случај на смрт на обвинетиот, во случај на застарување на делото или во случај на склучена спогодба, ако се работи за износ до 50.000 евра. Предвидено е и овластување на ЕЈО во онос на извршувањето на казната. Тој мора да ја достави пресудата на телата на земјата членка која е определена како место на извршување на санкцијата.

Подготвителната фаза го опфаќа постапувањето од истражните активности, па сè до одлуката предметот да се упати на судење. Оваа фаза не може да трае подолго од шест месеци. Уапсеното лице, без одлагање се изведува пред Судијата за слободите кој треба да испита дали лицето законито било лишено од слобода и дали му се почитувани сите права. Притвор или судски надзор може да се определи ако Судијата за слободите оцени дека обвинетиот би можел да избега, да се спречи довршување или повторување на делото или со цел да се сочуваат доказите, односно да се спречи влијание врз сведоците. Фазата на судењето се спроведува пред националните судови кои ги определува секоја земја одделно. ЕЈО врши избор на земјата каде што судењето ќе се спроведува, при што ЕЈО предвид ќе земе каде се наоѓа поголемиот дел од доказите, каде има лицето живеалиште, односно чиј државјанин е, односно каде се најголеми економските последици од кривичното дело. Правото на жалба е двојно регулирано: пред повисоките судови во земјата каде е суден и пред Европскиот суд на правдата.

Паралелно со досега изложеното коешто беше предложено во Corpus Iuris, во реалноста постои едно тело кое е надлежно за да ги штити финансиските интереси на Унијата и да се спроведуваат административни истраги кога истите ќе се доведат во прашање, Европската канцеларија за антикорупција или ОЛАФ (European Antifraud office) е тело за заштита на финансиските интереси на Унијата, кое се бори против измама, корупција и било кои други илегални активности, влкучувајќи ја овде и злоупотребата на службената положба во рамките на европските институции. Од причини што заштитата на финансиските интереси на Унијата е од екстремна важност за нејзиното постоење, а и со цел да се овозможи нивна ефикасна и еквивалентна

заштита во земјите членки со чл. 280 од Договорот за Европската унија, земјите се обврзани да се борат со против проневерите, да ги преземаат сите потребни мерки на заштита, како и да соработуваат меѓу себе, координирајќи се во прилог на сузбивањето на финансискиот криминал.[24]

Главната задача на ЕЈО ќе биде борба против кривични дела со кои се повредуваат финансиските интереси на ЕУ. Тој ќе добие надлежност да ја води истрагата, да ги гони и да ги изведе пред лицето на правдата прекршителите на финансиските интереси на Унијата од измами кои нанесуваат големи штети на нејзиниот буџет. Тој ќе биде одговорен за водење на истрагата за овие кривични дела, при што истрагата ќе ја спроведува со помош на Европол. ЕЈО ќе биде одговорен и за водењето и презентирање на обвинението против обвинетите пред компетентните судови на членките на ЕУ. Европскиот совет може да ја прошири надлежноста на ЕЈО во смисла истата да покрива сериозни кривични дела коишто ја надминуваат прекуграничната димензија. За ЕЈО целата територија на ЕУ се смета за единствена територија за целите на откривање, документирање, гонење и казнување за буџетски измами. Измамите не се сврзани за конкретна држава, имаат меѓународен карактер и честопати се вршат од организирани групи кои го користат фактот на правната незаштитеност на ЕУ буџетот.

Предноста од неговото конституирање ја гледаме и во фактот што нема да има потреба од активирање на компликуваната постапка за екстрадиција и ќе се востанови непосредна соработка на ЕЈО со националните органи на Јавното обвинителство. Конституирањето на овој орган значително ќе го олесни откривањето и сузбивањето на финансиските измами во ЕУ.

Слабостите на ЕЈО пак, се можностите коишто истиот ги дава за злоупотреба на оваа институција. Во таа смисла Англичаните кон ова тело приоѓаат со многу голема скептичност, која дури јавно ја изразуваат криејќи се под постојаното оправдување дека некои вообразени чекори претставуваат упад во внатрешните работи на земјите членки. Несомнено е дека ова дело мора да биде уредено беспрекорно, затоа што во спротивно резултатите ќе бидат очајни.

Англичаните ЕЈО го оценуваат како триумф за Европравда, меѓутоа во пакетот со славата ова тело носи многу проблеми коишто засега не можат да ги надминат. Првиот е конфликтот на позитивна јурисдикција којшто создава огромна тензија. Овој

[24] Кошевалиска Олга, 2011 година „Предности и слабости во конституирањето на Европскиот јавен обвинител“ Научно списание „Правник“ бр. 233, стр. 4, 5.

проблем теоретски глатко и едноставно може да се реши, меѓутоа во практиката е сè поинаку. Јурисдикцијата на државата членка би можела да биде лесно заобиколена од страна на Европравда со образложение дека во интерес на правдата и нејзиното побрзо задоволување е јурисдикцијата да биде препуштена на друга држава членка. Во овој контекст е и проблемот со јурисдикцијата на ЕЈО која, иако е условена од висината на финансиската штета, сепак е оставена на диспозиција на самото тело. Меѓутоа главниот проблем по ова прашање е поврзан со правата на обвинетиот. Истите премногу начелно се дефинирни на ниво на Унијата, што можеби е добро, но не за сите земји членки. Понатаму, Британија и Ирска имаат различни правни системи од останатите земји членки што исто така е голема препрека којашто е усложнета со фактот што овие земји се против хармонизација на нивното право со европското. Тие сметаат дека ЕЈО ќе ги повредува правата на обвинетите затоа што истите не се унифицирани. Повеќето критичари сметаат дека Британија ќе стави вето од принцип. Прашањето е зошто воопшто се прават овие огромни напори кога однапред се знае дека одговорот на Британија ќе биде „не“? Тие не сакаа супра национално тело да се меша во одлуките на нивните национални судови. Според нив, не треба на народот да му биде продадена мислата дека ЕЈО е единствениот начин ЕУ да се спаси од финансиските измами. Едноставно британскиот правен систем не може да потклекне на ЕЈО затоа што тоа би значело негирање на кривичното законодавство и негирање на правата дадени со Haebas Corpus и Поротното судење. Разочарувачки е фактот што повеќето предлози, значајни за процесните права на обвинетите се изгубени во новиот текст. Исто така има недоследности во однос на тоа од кога почнуваат да важат овие основни начела? Дали од моментот на апсење, од моментот на првото сослушување во полициска станица итн.? Оваа недоследност може да биде искористена во повеќе наврати затоа што различните законодавства во земјите членки различно го определуваат моментот на гарантирање на овие права. Ваквата недефинираност или непрецизираност може да доведе до злоупотреба од страна на ЕЈО кој, според Англичаните, би се претворил во инквизитор. Токму од овие причини Стокхолмската програма одобрена од Советот на Европа на 10 – 11 декември 2009 година има вклучено експлицитна референца за процедуралните права. Имено, во неа се декларира следново: „Заштита на правата на осомничениот и обвинетиот во кривичната постапка е од фундаментално значење за Унијата затоа што истото е есенцијално со цел да се негува и задржи меѓусебната доверба меѓу земјите членки, како и довербата на народот во Унијата. Од овие причини, Европскиот совет и посакува добредојде на прифаќањето

на планот од страна на Советот за зајакнуваање на процедуралните права на осомничените и обвинетите лица во кривичните постапки, што ќе донесе до зајакнување на индивидуалните права во постапките, овој план ќе произлезе од Стокхолмската програма. Ова се главните причини поради кои Англија не може да го „одобри“ потенцијалниот монопол на Европравда да одлучува кога и како ќе обвинува.

Голема слабост на ова тело е и фактот што е надлежен само за финансиски кривични дела. На мислење сме дека ова тело треба да биде надлежно и за останатиот сериозен транснационален криминал. Понатаму, централизираноста на истото е сериозен недостаток за обвинетите и нивните бранители. Ова се главните слабости коишто ја заматуваат и така замаглената претстава за ЕЈО. Можеме да констатираме дека ЕЈО има силни предноси и многубројни слабости. Но, овие многубројни слабости спротивставени на неговите силни предности, се однесуваат исклучиво на неговата непотполна дефинираност. Впрочем, како и секоја друга нова институција во законодавството, и ЕЈО на својот почеток би можел да се соочи со пропратни слабости контрадикторност во одредени решенија, колизија меѓу националните законодавства на земјите членки и сл. Но, дали ЕЈО смее да си дозволи да биде проследен со вакви околности земајќи предвид кои ингеренции ќе ги има истиот и колку е чувствителна неговата надлежност. Одговорот е секако, негативен. И покрај овие слабости, одредени авторитети со огромен аплауз се произнесуваат за идејата на формирање на ЕЈО. Канцеларијата на ЕЈО е поддржана и од претходниот Комисионер за правда, слобода и безбедност, Франко Фратини (Franco Frattini). Тој има изјавено дека е убеден дека ќе се постигне решение за формирање на генерален Јавен обвинител за Унијата. Во март 2010 година Европравда објави дека токму ЕЈО е потенцијалното решение за криминалот којшто ги надминува границите на една држава. Антонио Виторино (Antonio Vitorino), поранешен Комисионер за внатрешни работи и Претседавач со Управувачкиот одбор, има изјавено дека формирањето на ЕЈО е контроверзно прашање. Ендру Даф (Andrew Duff) Лидер на Либерално демократската европско парламентарна партија, констатира дека ЕЈО е начин да се оживее комуникацијата во правната сфера, односно дека со влегувањето на Лисабонскиот договор во сила се овозможи конституирањето на ЕЈО преку кој ќе се демонстира колку е блиска соработката и како таа функционира во практика. Шпанското претседателство на ЕУ многу амбициозно има изјавено дека конституирањето на ЕЈО ќе биде еден од неговите приоритети. Реалноста е поинаква. Шпанското претседателство заврши во јуни, 2010

година без остварување на желбата за ЕЈО. Во програмата на белгиското претседателство кое беше до крајот на претходната година ЕЈО не е споменат.

На крај да резимираме, во Лисабонскиот договор е предвидено дека Советот на Европската унија, во специјална легислативна процедура, може да се конституира канцеларија на ЕЈО во рамките на Европравда. Оваа можност е условена со едногласност во Советот и претходна согласност на Европскиот парламент. Лисабонскиот договор отвора можност Европравда да ја прошири својата надлежност преку востановувањето на Европскиот јавен обвинител, како тело за соработка во полето на слободата, сигурноста и правдата коешто ќе располага со механизми за обвинување и гонење на прекуграничниот организиран криминал. Како што веќе е елаборирано погоре во текстот, силните предности коишто ги нуди ова ЕЈО, како што е заобиколувањето на екстрадицијата, подобрување и олеснување во воспоставувањето на непосредна соработка на ЕЈО со националните органи на Јавното обвинителство, како и олеснувањето во откривањето и сузбивањето на финансиските измами во ЕУ, ги надминуваат слабостите коишто мора да се елиминираат во процесот на неговото финално уредување. Ова ќе биде долг и комплициран процес, од причини што ваквиот субјект во кривичната постапка, мора да биде поставен на солидна основа и да биде резултат на взаемната доверба меѓу земјите членки затоа што ЕЈО ги засегнува сите законодавства на сите земји членки.[25]

2. СТАТУС НА НЕЗАВИСНОСТ НА ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Целта на оваа точка е да ја анализира независноста на ЕЈО, и како оваа тема еволуираше во текот на овој долг процес на преговори од првото предложување до финалното усвојување на ЕУ Регулативата за основање на Европскиот јавен обвинител. Ова е несомнено една од областите каде што постои голема потешкотија да се направи баланс: од една страна, точно е дека ефективноста на ЕЈО бара статус на оправдувачка независност во врска со земјите членки и европските власти. И од друга страна, како и да е, овој статус на независност може да се судри со некои одредени особено сензитивни области од правна и политичка гледна точка, накратко принципот

[25] Кошевалиска Олга, 2011 година „Предности и слабости во конституирањето на Европскиот јавен обвинител“ Научно списание „Правник“ бр. 233, стр. 10,11,12,13,14.

на супсидијарност, суверенитетите на државите и демократскиот легимититет на европските институции.

Како што е широко познато, член 86 само ја наведува можноста за формирање ЕЈО преку посебна законодавна постапка. Не ги развива органските аспекти на институцијата кои се само наведени: со намерна двосмисленост, во Договорот се наведува само дека ЕЈО треба да се создаде од „Европравда“. Многу е напишано за значењето на овој лаконски израз во текстот на Договорот, но вистината е дека според член 86, ништо не е дефинирано во однос на структурата (колегиумски или хиерархиски) на новото тело, ниту пак во однос на неговиот правен статус, назначувањето на неговите компоненти или правилата за одговорност применливи за ЕЈО и нејзините членки. Во пракса, ова значи дека европскиот законодавец имал тука широка маргина на дејствување со која треба да му пристапи кон дизајнирањето на новата институција, во согласност со критериумот на политичка и практична можност. Меѓутоа, постои широк консензус кога се разгледува дека идното ЕЈО, дури и да се одвива само како резултат на спроведувањето на зајакнатиот механизам за соработка (член 86 (1) III), треба да биде независен за да може функционираат правилно. Во согласност со официјалните документи, овој консензус во полза на независноста на ЕЈО е рефлексија не само на Зеленот документ од 2001 година на Комисијата и нејзините коментари кон него, но исто така (и уште повеќе неодамна) во шестата и седмата препорака на Резолуцијата на Европскиот парламент од 29 април 2015 година, како и во советодавното мислење издадено од Европската агенција за основни права. Дури се појавува во заедничката изјава потпишана од шеснаесет делегати на националните парламенти собрани во француското национално собрание на 17 септември 2014 година. Патем, генералниот тон на овој последен документ беше прилично критичен, како за предлогот за Комисијата за регулативата, така и за реакцијата на различните мислења во парламентот што се појавија во седмиците по објавувањето на предлогот за регулатива, и кој го активираше „механизмот за супсидијарна контрола“ предвидено во членовите 6 и 7 од Вториот протокол кон Договорот за функционирањето на Европската унија (т.н. „постапка на жолт картон“). Силниот акцент што е ставен на независноста на ЕЈО (како од правни научници, така и од политичари) не треба да се занемарува. Општо правило во правните системи на повеќето земји членки на ЕУ е дека националните обвинители треба да подлежат на систем на хиерархиска зависност и на крајот да се потчинат на Министерството за правда или на некој друг орган назначен од владата. Во оваа нова област, самиот

легитимитет на институцијата бара статус на независност: сè додека неговото постоење и дејствување претпоставуваат претходно отстапување на суверенитетот од страна на државите во кои треба да работи (барем во врска со гонењето на одредена класа на прекршоци), неговите решенија ќе се сметаат за легитимни само доколку се донесени во согласност со законот и применуваат строго технички принципи (тоа значи, ако тие се одвиваат во сфера заштитена од притисоци или упади од лица или органи за кои не се случило отстапувањето на суверенитетот). Сепак, ова не е единствената причина за обезбедување на ЕЈО јасни заштитни мерки за нејзината независност. Исто така, постојат моќни аргументи од практична природа: како што е докажано со бројни студии спроведени во последните неколку години, казнените дела против финансиските интереси на Унијата не претставуваат реален приоритет за надлежните органи на земјите членки – или заради недостаток на ресурси, структурни недостатоци или едноставни причини за криминална политика. Овој факт сам не треба да предизвика изненадување, ниту скандал, но сигурно ги поттикна сите иницијативи за подобро да се заштитат финансиските интереси на Унијата на наднационално ниво чии процедури за донесување одлуки се исто така функционално и оперативно независни од надлежните органи на земјите членки, и затоа се способни да ја надминат националната неактивност. Секако, независноста нужно мора да биде придружена со одговорност, да се спречи и реагира против евентуални злоупотреби или самоволии и да се овозможи, доколку е потребно, надзор над употребата на овластувањата на ЕЈО од субјектите интегрирани во ЕЈО, особено затоа што зборуваме за институција која со тек на време ќе донесе одлуки кои директно ќе влијаат врз правата и слободите на граѓаните на Европската унија. Бидејќи регулативата за ЕЈО беше предмет на дискусија до неодамна, обраќајќи се на редовни состаноци што се одржуваат на секои неколку недели, не е чудно што постојат значителни разлики помеѓу првичниот предлог и неговата конечна верзија (всушност, од организациска гледна точка, тековниот текст има малку врска со оригиналот). Беспредметно би било да се упатиме во оваа анализа на веќе отфрлениот нацрт и оттука предлогот за 2013 година ќе се земе предвид само за да се направат споредби со најновата достапна документација. Причините за длабоките промени споменати погоре се познати: по т.н. постапка, односно процедура на „жолт картон“, и иако Комисијата првично ја изјави својата решеност да оди напред со проектот, Советот се чувствуваше принуден да го реформулира предлогот за регулативата, земајќи го предвид предлозите, коментарите и забелешките изразени од земјите членки на оригиналниот текст. Така, под грчкото

претседателство (прва половина на 2014 година) се случи голема структурна промена во нацртот, со воведување на фактор на колегијалност во организацијата на ЕЈО и отстранување на принципот на ексклузивна надлежност. Италијанското претседателство (втора половина на 2014 година) го одржуваше реновирањето извршено под грчкото претседателство, модифицирајќи различни аспекти од најголемо значење (меѓу другите измени, го отстрани упатувањето кон Унијата како „единствена правна област“ која, со влијание на Corpus Iuris, беше вклучен во Поглавјето 25 од првичниот предлог). Под претседателство на Латвија, Луксембург, Холандија и Словачка, работата продолжи на линијата што ја отвори грчкото претседателство. Со оглед на постигнатото ниво на консензус, се очекуваше регулативата како таква да не отстапува премногу од оваа линија, барем што се однесува до организацијата и структурата на новото ЕЈО, очекување кое навистина беше потврдено од крајниот текст на регулативата.[26]

Каква независност за Европскиот јавен обвинител?

